Архивски број: 04-126/35

Датум : 26.08.2026

Врз основа на член 20 став 1 алинеја 8 од Статутот на Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола, член 23 точка 4 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија„ број 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/104, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ број 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25) и член 212 став 17 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22, 65/23 и 192/25), а во врска со јавниот оглас бр. 01/2026, В.Д. Директорот на Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола ја донесе следната:

О Д Л У К А
за избор на 10 (десет) извршители на неопределено време за работно место Медицинска сестра по пат на јавен оглас

1.По јавниот оглас број 01/2026 за вработување на неопределено време на 13 (тринаесет) извршители во Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола, објавен во дневните весници "Нова Македонија" и "Коха", за работното место под реден број 2. **Медицинска сестра**, шифра на работно место СОЗ0303Б02010, звање на работно место Помошно-стручен- медицинска сестра од второ ниво во Служба за сместување нега, исхрана и здравствена заштита на корисниците, Оддел бр.2,3,4,5 и Оддел за интервентно сместување во Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола од предложената ранг- листа се избираат следните кандидати:

1.**Маја Атанасовска** за во Служба за сместување нега, исхрана и здравствена заштита на корисниците, Оддел бр.2;
2.**Елизабета Петковска** за во Служба за сместување нега, исхрана и здравствена заштита на корисниците, Оддел бр.2;
3.**Ангела Цветковска** за во Служба за сместување нега, исхрана и здравствена заштита на корисниците, Оддел бр.2;
4. **Наталија Дамчевска Масалковска** за во Служба за сместување нега, исхрана и здравствена заштита на корисниците, Оддел бр.3;
5. **Сара Будимовска** за во Служба за сместување нега, исхрана и здравствена заштита на корисниците, Оддел бр.3;
6. **Драгана Кареска** за во Служба за сместување нега, исхрана и здравствена заштита на корисниците,Оддел бр.3;

Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола
Ул. „Младински Бригади„ бр2 Битола Република Северна Македонија
+389 047 253 339 /+389 047 254 339 /071 291 473
https://domazadoencinjabitola.mk
juddmd-bt@mtsp.gov.mk
judomzadoencinja@yahoo.com

7. **Наташа Божиновска** за во Служба за сместување нега, исхрана и здравствена заштита на корисниците, Оддел бр.4;
8. **Лариса Кузевска** за во Служба за сместување нега, исхрана и здравствена заштита на корисниците, Оддел бр.4;
9.**Ивана Неделковска** за во Служба за сместување нега, исхрана и здравствена заштита на корисниците, Оддел бр.5;
10.**Марија Нечовска** за во Служба за сместување нега, исхрана и здравствена заштита на корисниците -Оддел за интервентно сместување.

2.Избраните кандидати од точката 1 на оваа Одлука ќе засноваат работен однос во Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола со потпишување на Договор за вработување, по конечноста на Одлуката за избор.

3.Одлуката за избор ќе биде објавена на огласна табла на Установата и на веб страницата на Установата(domazadoencinjabitola.mk).

4.Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

О б р а з л о ж е н и е

Во дневните весници "Нова Македонија" и "Коха" беше објавен јавен оглас бр.01/2026 за вработување на неопределено време на 13 (тринаесет) извршители во Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола и тоа ден 17.08.2026 година и траеше три работни дена.

Како дел од работните места за кои се објави јавниот оглас беше и работното место Медицинска сестра, звање на работно место Помошно-стручен- медицинска сестра од второ ниво во Служба за сместување нега, исхрана и здравствена заштита на корисниците, Оддел бр.2,3,4,5 и Оддел за интервентно сместување, за десет извршители.

Со Решение број 04-126/17 од 18.08.2026 година, формирана е Комисија за селекција за вработување за спроведување на постапката за вработување по објавениот оглас која се состои од две фази:
-административна селекција која се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување и приложените докази во пријавата и
-интервју со кандидатите за вработување.

Во Записникот од спроведената административна селекција бр.04-126/29 од 24.08.2026 година, утврдено е дека се пристигнати десет пријави за вработување на работно место Медицинска сестра кои ги исполнуваат општите услови и посебниот услов од јавниот оглас и истите се поканети на интервју на ден 25.08.2026 година. По завршувањето на интервјуто, Комисијата состави Записник од спроведеното интервју бр. 04-126/30 од 25.08.2026 година и Ранг-листа на кандидати за работно место Медицинска сестра бр.04-126/32 од 25.08.2026 година и истите ги достави до В.Д. Директорот, да изврши избор.

Согласно Записникот од спроведената административна селекција бр.04-126/29 од 24.08.2026 година, Записникот од спроведеното интервју бр. 04-126/30 од 25.08.2026 година и Ранг-листа на кандидати за работно место Медицинска сестра бр.04-126/32 од

Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола
Ул. „Младински Бригади„ бр2 Битола
Република Северна Македонија
+389 047 253 339 /+389 047 254 339 /071 291 473
https://domazadoencinjabitola.mk
juddmd-bt@mtsp.gov.mk
judomzadoencinja@yahoo.com

25.08.2026 година од Комисијата за селекција за вработување, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Горенаведените кандидати ќе заснивааат работен однос на неопределено време во Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола, по конечноста на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука кандидатите можат да изјават жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од осум дена од денот на приемот на истата.

Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца- Битола
В.Д. Директор
Биљана Анастасова

Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола
Ул. „Младински Бригади„ бр2 Битола
Република Северна Македонија
+389 047 253 339 /+389 047 254 339 /071 291 473
https://domazadoencinjabitola.mk
juddmd-bt@mtsp.gov.mk
judomzadoencinja@yahoo.com